# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

| | |
|---|---|
| ”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров”<br>Излегува по потреба | 10. Февруари.2006 год.<br>Скопје<br>Бр. 1 Год. I |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

“задолжителен примерок“

Скопје Март 2006 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен весник на РМ бр.5 /02 ) и член 47 став 1 точка 3 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Град Скопје бр.10/2003), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за превземање на основачките права и обврски и правото на сопственост на објектите над постојните основни училишта на подрачјето на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за превземање на основачките права и обврски и правото на сопственост на објектите над постојните основни училишта на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четиринаесеттата Седница на Советот, одржана на ден 20.01.2006 година.

**Број 08-195/1**
**27.01.2006 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1точка 15 од Законот за локална самоуправа(„Службен Весник на РМ”бр.05/02) и член 25 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Ѓорче Петров,а во врска со член 113-а од Законот за основно образование(„Службен Весник на РМ” бр.44/95,24/96,34/96,35/97,82/99,29/02,40/03,42/03 и 63/04)и член 1,2 и 4 од Одлуката на Владата на Р.Македонија за пренесување на основачките права и обврски над постојните основни училишта, на општините и на општините во Градот Скопје и пренесување на правото на сопственост на објекти („Службен Весник на РМ” бр.51/05)Советот на Општина Ѓорче Петров на Четрнаесеттата седница,одржана на ден 20-01-2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## За превземање на основачките права и обврски и правото на сопственост на објектите над постојните основни училишта на подрачјето на Општина Ѓорче Петров

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат основните училишта над кои Општина Ѓорче Петров ги превзема основачките права и обврски и правото на сопственост на објектите.

Член 2

Општина Ѓорче Петров ги превзема основачките права и обврски над следните постојни основни училишта:

1.Основно училиште “Мирче Ацев”;
2.Основно училиште “Ѓорче Петров”;
3.Основно училиште “Страшо Пинџур”;
4.Основно училиште “Димитар Поп Георгиев Беровски”
5.Основно училиште “Јоаким Крчоски”
6.Основно училиште “Тихомир Милошевски”

Училиштата од став 1 на овој член се утврдуваат како основни училишта на Општина Ѓорче Петров-Скопје.

Член 3

Општина Ѓорче Петров го превзема правото на сопственост на објектите на основните училишта од член 2 од оваа Одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров”

**Број.07-63/3**
**од 20.01.2006година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**Харалампије Анѓелковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен весник на РМ бр.5 /02 ) и член 47 став 1 точка 3 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Град Скопје бр.10/2003), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлуката за превземање на основачките права и обврски и правото на сопственост на објектите над постојната јавна установа за деца-детска градинка на подрачјето на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за превземање на основачките права и обврски и правото на сопственост на објектите над постојната јавна установа за деца-детска градинка на подрачјето на Општина Ѓорче Петров , што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четиринаесеттата Седница на Советот, одржана на ден 20.01.2006 година.

**Број 08-195/2**
**27.01.2006 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 и член 36 став 1точка 15 од Законот за локална самоуправа(„Службен Весник на РМ”бр.05/02) и член 25 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Ѓорче Петров(„Службен Гласник на Град Скопје” бр.10/03),а во врска со член 133-а од Законот за заштита на децата(„Службен Весник на РМ” бр.98/00, 17/03 и 65/04)и член 1,2 и 4 од Одлуката на Владата на Р.Македонија за пренесување на основачките права и обврски над постојните јавни установи за деца-детски градинки на општините и на општините во Градот Скопје и пренесување на правото на сопственост на објектите („Службен Весник на РМ” бр.51/05)Советот на Општина Ѓорче Петров на Четрнаесеттата седница,одржана на ден 20-01-2006 година,донесе

**О Д Л У К А**
**За превземање на основачките права и обврски и правото на сопственост на објектите над постојната јавна установа за деца-детска градинка на подрачјето на Општина Ѓорче Петров**

Член 1

Со оваа Одлука се определува јавната установа за деца-детската градинка над кои Општина Ѓорче Петров ги превзема основачките права и обврски и правото на сопственост на објектите.

Член 2

Општина Ѓорче Петров ги превзема основачките права и обврски над следната постојна детска градинка:

1.Јавна установа за деца-детска градинка”РОСИЦА”

Детската градинка од став 1 на овој член се утврдува како јавна установа за деца-детска градинка на Општина Ѓорче Петров-Скопје.

Член 3

Општина Ѓорче Петров го превзема правото на сопственост над објектите на јавната установа за деца-детска градинка од член 2 од оваа Одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров"

**Број.07-63/4**
**од 20.01.2006година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**Харалампије Анѓелковски,с.р.**

# Содржина

## Општина Ѓорче Петров

**1. ОДЛУКА за превземање на основачките права и обврски и правото на сопственост на објектите над постојните основни училишта на подрачјето на Општина Ѓорче Петров...............стр. 2/3**

**2. ОДЛУКА за превземање на основачките права и обврски и правото на сопственост на објектите над постојната јавна установа за деца-детска градинка на подрачјето на Општина Ѓорче Петров..........................................................................стр.4**

Издавач:Општина Ѓорче Петров.
Уредува : Одделение за норматива
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци